Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-435/3
Датум:
15-10-2025

Постапувајќи по претставка бр. 08-435/1 од 19.5.2025 година поднесена од ---- претставуван од ----, во име на група ---- против ---- и ---- за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на работата и работните односи од страна на ---- и ---- кон професионалните војници од ----.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 19.5.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка од страна на ---- преку ----, во име на група ---- за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи против ---- и ----.

Во претставката подносителот наведува дека ја поднесува претставката како претседател на ----, во име на ---- и професионалните војници од ----, кои се обратиле до ---- поради непочитување на законските одредби од Законот за служба во Армијата на РСМ од страна на ---- во однос на користење на годишните одмори на професионалните војници. Според подносителот во оваа касарна и од страна на командантот, на сите професионални војници кога ќе им дојде времето за продолжување на договорот за работа, им изработувал решенија за користење на годишен одмор за тековната година, пред да им се продолжи договорот. Подносителот тврди дека во таков случај не се почитува член 37 од Колективниот договор на МО, каде е предвидено: *„За распоред за користење на годишниот одмор на вработените, се донесува план кој го утврдува раководителот на организациската единица во Министерството, а во Армијата, надлежен воен старешина во согласност со Законот за служба во Армијата до крајот на календарската година за наредната година, со кој треба да се обезбеди непречено континуирано извршување на работата во Министерството и во Армијата, при што треба да се земат предвид и можностите да се задоволат и барањата на вработените за терминот на користење на годишниот одмор.“* Во случајот, барањата на овие професионални војници за користење на годишен одмор воопшто не биле земени предвид. Според подносителот со тоа се врши директна дискриминација врз припадници на Армијата, односно исклучиво кон професионалните војници кои се на служба во касарната ----. Во претставката се наведува дека во оваа касарна има над ---- професионални војници. На секои 4 години, кога им се продолжува договорот за работа им се даваат незаконски решенија за годишен одмор, без право и можност да

го користат годишниот одмор по желба. Подносителот истакнува дека главната причина за таквата дискриминаторска практика на овластеното лице за донесување на решенијата за годишен одмор е токму договорот на определено време на професионалните војници, т.е. непочитување на член 46, став 3 од Законот за работни односи од страна на работодавачот и трансформирањето на работниот однос од определено во неопределено време по 5 години непрекината работа кај ист работодавач. Согласно Законот за служба во Армијата, професионалните војници работат со продолжување на договор на определено време со траење од 4 години, се' до наполнување на 45 години возраст, што значи дека еден професионален војник продолжува договор за работа 6 до 7 пати во работниот век, од максимум 25 години служба. Во претставката се истакнува дека на секои 4 години или 6 годишни одмори во работниот период на професионалниот војник, тој не може да го користи годишниот одмор по своја желба или да му биде прифатено личното барање за термин за користење на годишниот одмор. Се истакнува дека ваквата пракса претставува дискриминација само врз професионалните војници, бидејќи на останатиот активен воен персонал (офицери и подофицери), како и на цивилниот персонал им се овозможува да изберат термин за користење на годишниот одмор. Се наведува дека образложението на потполковник ---- за таквата практика е тоа дека професионалниот војник мора да го искористи годишниот одмор , бидејќи не се знае дали ќе му биде продолжен договорот за работа, па во тој случај ако годишниот одмор не му е искористен и не му се продолжи договорот за работа, согласно закон Министерството за одбрана треба да му го исплати годишниот одмор. Во продолжение се појаснува процедурата за продолжување на договор на определено време на професионален војник: 6 месеци пред истек на договорот од 4 години, професионалниот војник поднесува лично барање до претпоставените за продолжување на договор за работа. Од страна на командантот се формира кадровски совет кој се состанува и одлучува по барањата за војниците и даваат мислење дали да му се продолжи договорот на војникот или не. Командантот дава предлог до Министерството за одбрана дали да му се продолжи договорот за работа на професионалниот војник. Тоа го знаат министерството и командантот 5 месеци пред да се продолжи договорот, што претставува доволно време војникот да го искористи целиот годишен одмор ако не му се продолжи договорот за работа, бидејќи професионален војник има максимални 32 дена годишен одмор или 6 ипол недели (месец и половина). Според подносителот се работи за период, кој е доволен да се искористи годишниот одмор во тие 5 месеци. Понатаму по кадровскиот совет, професионалните војници одат на прегледи за проверка на здравствена способност во Воениот медицински центар. По завршување на прегледите, комисијата од ВМЦ го известува работодавачот, односно Министерството за одбрана, кој врз основа на препораките од кадровскиот совет и резултатите од прегледите изработува договори за работа и им ги доставува на професионалните војници за потпишување. Сите процедури во врска со продолжувањето на договорот за работа се завршуваат најксано 3 месеци пред истекот на договорот за работа. Од таа причина овластеното лице, т.е. потполковник ---- знае 3 месеци однапред дали на некој од војниците нема да му се

продолжи договорот и има доволен временски период за да му го даде годишниот одмор да го искористи пред завршување на договорот за работа. Поради овие факти и наведената процедура, подносителот истакнува дека нема потреба од дискриминаторската практика на потполковникот ----. Дополнително, се наведува дека сите ---- професионални војници не продолжуваат договор во ист период од годината, командантот за време на летниот период дозволува 30 % од целиот воен персонал да биде ослободен за користење на годишниот одмор, во кој процент влегуваат офицерите и подофицерите, а со тоа не се намалува борбената готовност на единицата. Се наведува дека причината е тоа што според плановите и распоредот, единицата секогаш има над 70% воен персонал кој е присутен на работа. Се потенцира дека ваква практика не е пријавена во останатите касарни низ државата. Подносителот истакнува дека ваквата практика ја искусил и тој самиот како припадник на Армијата и професионален војник.

Во претставката се потенцира дека посочениот како дискриминатор, како овластено лице за донесување на решенија за годишен одмор и согласно дадените овластувања мора да го почитува Колективниот договор на Министерството за одбрана, Законот за служба, Законот за работните односи, како и да ја почитува рамноправноста на работниците и да ги штити нивните права. Со ваквата негова практика се опфатени ---- лица, односно професионални војници. Синдикатот ја има пријавено ваквата практика кај началникот на Ј-1 секцијата при Генералштаб на АРСМ, кои се надлежни за почитување на одредбите од Законот и Колективниот договор. На тоа добиле одговор со кој се оправдува ваквата практика и дека командантот на касарната ---- одлучува за приоритетите и потребите на неговата единица, како и дека тој е надлежен за регулирање на годишните одмори на своите потчинети. Според подносителот со ова се оправдува дискриминацијата и не се увидува прекршувањето на Колективниот договор на Министерството за одбрана и уставното право на годишен одмор. Според подносителите професионалните војници од оваа касарна треба да користат годишен одмор, како и сите останати припадници на Армијата, кои го користат без опструкции. Во прилог кон претставката се поднесени:

- Акт на НСПВ СО Скопје до Ј-1/ГШ бр. ----;
- Акт на Ј-1/ГШ ОУ бр. ----;
- Извадок од Колективниот договор на Министерството за одбрана (член 37) и
- Извадок од Законот за служба во Армијата (член 97)
-

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до Министерството за одбрана и потполковникот ---- достави Барање за произнесување по претставката. Во законски предвидениот рок за произнесување не беше доставен одговор по Барањето за произнесување. И покрај тоа, имајќи ги предвид правилата на постапката, правилата во однос на товарот на докажување и важечките правни норми во областа на одбраната, а во контекст на тврдењата од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатираше следната состојба:

Правата и обврските на професионалните војници се уредени со посебен Закон за служба во Армијата, со кој меѓудругото се уредени начинот и времетрањето на засновање на работниот однос, односно службата во Армијата, правото на платен годишен одмор, како и условите и начинот на остварувањето на ова право.[1] Професионалните војници како дел од воениот персонал на Армијата заради специфичноста на нивната служба не можат самостојно да одлучуваат кога ќе го користат правото на платен годишен одмор, односно кога точно ќе ги користат слободните денови. Ваквата состојба е образложена и во претставката. При одлучување по конкретниот предмет, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација неминовно ја зема предвид околноста дека станува збор за специфична служба. Војската претставува организиран систем со јасно утврдена хиерархија и одговорности, во која приоритет секогаш имаат оперативната подготвеност, извршувањето на задачите/наредбите и јавниот интерес. Со оглед на специфичните задачи во службата, нивното извршување од страна на професионалните војници изискува достапност и готовност за извршување наредби. Токму поради тоа, начинот на користење на годишниот одмор го планира надредениот воен старешина, односно посочениот како дискриминатор во конкретниот случај. Истото е предвидено и во Колективниот договор, каде според член 37: ***„За распоредот за користење на годишен одмор на вработените се донесува план кој го утврдува раководителот на организациската единица во Министерството, а во Армијата, надлежен воен старешина во согласност со Законот за служба во Армијата, до крајот на календарската година за наредната година, со кој треба да се обезбеди непречено континуирано извршување на работата во Министерството и во Армијата, при што треба да се земат предвид и можностите да се задоволат и барањата на вработените за терминот на користење на годишниот одмор.“***

Целта на оваа одредба е обезбедување на непрекинат тек на активностите во службата и избегнување на ситуации во кои би имало недостиг на кадар кога е потребно. Сето тоа е во насока на обезбедување јавен интерес – одбрана и безбедност, при што индивидуалните желби и потреби на професионалните војници би требало да се усогласени со потребите на одбранбениот систем и колективната дисциплина. Всушност, делот од одредбата кој предвидува да се земат предвид индивидуалните барања на вработените нема императивна природа, поради што и не може да превагнат индивидуалните желби и потреби на професионалните војници.

Оттука, ограничувањето на професионалните војници во однос на датумите за користење на правото на годишен одмор со оданапред утврден план нема дискриминаторска природа. Ваквото правило се однесува на сите професионални

---

[1] Член 40, став 2,3 и 4; член 98, став 1 и 5; член 99 став 1 и 2; член 100; член 101 и член 103 од Закон за служба во Армијата на Република Македонија (Сл. Весник на РМ бр. 36/2010; 132/2010; 23/2011; 47/2011; 148/2011; 55/2012; 29/2014; 33/2015; 193/2015; 193/2015; 71/2016; 101/2019; 275 /2019; 14/2020; 171/2022; 65/2023; 14/2024; 30/2024)

војници и тие под исти правила и услови (одобрување на одмор согласно распоредот) го остваруваат правото на годишен одмор. Истото не таргетира поединечен професионален војник врз основа на заштитна карактеристика, туку произлегува од природата на воената служба и потребата од одржување на оперативна подготвеност. Подносителот во претставката го појаснува нееднаквиот третман кон професионалните војници, посочувајќи споредбена ситуација со останатиот воен персонал (офицери и подофицери) и цивилниот персонал вработен во Министерството за одбрана и Армијата, кои можат да изберат датум на користење на годишниот одмор. Дополнително, тврди дека нееднаков третман постои помеѓу професионалните војници од конкретната касарна, наспроти професионалните војници од други касарни кај кои не се јавил ваков проблем. Во однос на првата споредлива ситуација, Комисијата констатира дека компараторите (офицери, подофицери и цивилен персонал) се различни категории на воен персонал и не можат да бидат ставени во споредлива ситуација за докажување на нееднаков третман. Во врска со втората споредлива ситуација, исто така не може да стане збор за релевантна споредлива ситуација, имајќи предвид дека надлежниот воен старешина го утврдува планот во рамки на единицата за која е одговорен. Истото повторно е врзано со службените потреби на конкретната касарна или единица, а не со статусот професионален војник.

Поради образложеното, ограничувањата кои се оспоруваат со претставката се функционални и оправдани со интересите на службата и јавниот интерес. Нивната примена е униформна и има оправдана цел, која не е насочена кон ограничување на индивидуалните права врз дискриминаторска основа. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација, која согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација предвидува: *„**Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други**. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите“.*

Врз основа на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на Мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- Независен синдикат на професионални војници СО Скопје (Александар Насковски) со седиште на ул. „Орце Николов“ бр. 116, 1000 Скопје и на електронска адреса: nspvm@yahoo.com
- Министерство за одбрана со седиште на ул. „Орце Николов“ бр. 116, 1000 Скопје